РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-12
16.06.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

До:

**Предмет: Одговор на претставка**

Почитуван

Ви благодариме за Претставката (наш бр. УПП 03/12 од 10.06.2025 г.) во врска о долгометражниот серијал – „Шербет од брусница", кој во програмскиот сервис на ТВ Сител се емитува од понеделник до петок, премиерно од 19:45 / 20:00 часот, а репризно од 12:30 / 12:45 часот.

Увидот во досега емитуваните епизоди од серијалот покажа дека режисерскиот пристап за „Шербет од брусница", не се разликува од мноштвото други долгометражни и календарски долготрајни серијали од современата турска играна продукција. И во овој случај мело/драмското дејствие е производ од клише: - силно нагласен трагичен конфликт меѓу две семејства со различен светоглед – конзервативен / либерален - со последици врз меѓугенерациските разлики и индивидуалниот животен избор. Епизодите ефективно траат по педесетина минути, сцените со вербално и со физичко насилство не се систематски за дејствието (во смисла на тоа да ги има често и/или неизоставно во секоја епизода), а кога се прикажуваат - режисерот не инсистира на бруталност на глетката (долготрајни крупни/детални планови на снимање – крв / рани / скршеници / оружје / смрт) ниту, пак, насилството на некој начин се сугерира како решение за меѓучовечка нетрпеливост.

Затоа, соодветно на Правилникот за заштита на малолетните лица, секоја епизода од серијалот е класификациски означена како програма од – „**Втора категорија – што не се препорачува за деца под 8 години, за чие следење се препорачува надзор од родител или старател**", а дозволено е да се емитува во целото деноноќие. Ова предупредување, кое пред сè апелира врз одговорноста на родителот/старателот, редовно е видливо истакнато и пред почетокот на прикажувањето и за целото времетраење на епизодите.

Според посочената класификација од Правилникот, видовите (играна) програма со предупредувачка ознака „8+", можат да се состојат од следново:

- можен е опфат на посериозни теми: девијантно однесување, семејно насилство, расизам и слично, меѓутоа програмите во ниту еден случај не смеат да поттикнуваат, ниту пак во себе да вклучуваат каква било афирмација на девијантно однесување или на поведение наврдливо за човековото достоинство;

- не е дозволена пренагласена употреба на непристоен (вулгарен) говор; дозволена е неутрална, природна појавност на голо човечко тело, меѓутоа без каков било вулгарен сексуален контекст; описите, сцените и/или глетките со еротика мора да бидат исклучително ретки и сосем ненагласени, дискретни и без вулгарни алузии;

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38
1000 Скопје**

- дозволено е умерено прикажување насилство, но, без детали на суровост, оправдано во заплетот на сценариото, без да се нагласува присуство на вистинско оружје или на опасни техники за меѓучовечка пресметка.

Дополнително на реченото - по повеќе од два месеца од првата епизода емитувана на 27 март годинава, и по над педесет изминати епизоди, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не е пристигната ниту една претставка – ни за темата, ни за содржината, ни за формата, ни во однос на програмскиот термин кога се прикажува серијалот.

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

по овластување од директорот

------------------------------------------------

м-р Драгица ЉУБЕВСКА